SONY

Упатство за употреба

МК

# Телевизор

BRAVIA

KD-75X9105C / 65X9005C / 55X9005C

# Содржина


ВАЖНО ИЗВЕСТУВАЊЕ . . . . . . . . . . . . . . . . . 3
Безбедносни информации . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3
Мерки на претпазливост . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5
Делови и контроли . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 7
Контроли и индикатори . . . . . . . . . . . . . . . . . . 7
Влезови и излези . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 8
Користење на далечинско . . . . . . . . . . . . . . 10
Опис на делови на далечинското . . . . . . . . . 10
Користење далечинско на екран со допир . . . 12
Вовед за активирање на екранот на допир на далечинското/Почетен курс . . . . . . . . . . . . 12
Прикачување Држач за маса (По избор) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 12
Поврзување други уреди . . . . . . . . . . . . . . 14
Инсталирање на ТВ на ѕид . . . . . . . . . . . . . 17
Со помош на испорачаната Конзола за држач за маса . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 17
Со помош на Конзола за држач за маса по избор . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 23
Проблеми и можни решенија . . . . . . . . . . . . 25
Проблеми и решенија . . . . . . . . . . . . . . . . . . 25
Спецификации . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 26


## Вовед

Ви благодариме што го купивте овој производ на Sony.
Пред да почнете со работа со ТВ, прво прочитајте го внимателно ова упатство и зачувајте го за понатамошна употреба.

### Забелешки

- Пред да почнете со работа на ТВ, прво прочитајте ги “Безбедносни инфирмации” (стр. 3).
- Сликите и илустрациите користени во Брзиот водич за почеток и ова упатство се само за известување и може да се разликуваат од вистинскиот изглед на производот.

## Локација на етикетата за идентификација

Етикети за број на модел, дата на производство (месец/година) и потребно напојување е поставени на задниот дел од ТВ или пакетот.



## ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ
## ДА СПРЕЧИТЕ ШИРЕЊЕ НА ПОЖАР, СВЕЌИ И ДРУГ НЕЗАШТИТЕН ОГАН ЧУВАЈТЕ ГИ НАСТРАНА ОД ОВОЈ ПРОИЗВОД




## Како да го замените осигурачот

Отворете го делот со осигурач со остар штрафцигер и заменете го осигурачот..
Видете на сликата со што всушност е опремен овој производ.

# ВАЖНИ ЗАБЕЛЕШКИ

Овој производ е произведен од Sony Corporation, 1-7-1 Konan Minato-ku Токио, 108-0075 Јапонија. Прашања поврзани со усогласеноста на производот со законодавството на ЕУ доставете ги до неговиот овластен претставникSony Deutschland GmbH, Hedelfinger Strasse 61, 70327 Штутгарт, Германија. За сервис или во врска со гаранцијата, видете ги адресите обезбедени во гарантниот лист.

## Забелешка за безжичен сигнал

Со ова, Sony Corporation изјавува дека овој уред е во согласност со основните барања и други релевантни одлуки на Директивата 1999/5/EC.
За детали пристапете кон следната URL:
http://www.compliance.sony.de/

Забелешка за купувачите: следната информација се применува само за опрема која е купена во земји кои ги применуваат ЕУ директивите.

ТВ безжичен систем може да работи во следните земји:

Австрија, Хрватска, Чешка, Словачка, Данска, Финска, Естонија, Франција, Германија, Грција, Унгарија, Италија, Ирска,, Литванија, Латвија, Луксембург, Малта, Холандија, Полска, Велика Британија, Норвешка, Бугарија, Романија, Албанија, Македонија, Србија, Косово.

Оваа опрема може да работи и во други земји.

# Безбедносни информации

## ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Батериите не смеат да бидат изложени на прекумерна топлина, како на пр. сонце, оган или сл.

## Инсталирање/Поставување

Инсталирајте и користете го ТВ според инструкциите подолу за да избегнете ризик од  пожар, електричен удар, оштетување и/или телесни повреди.

### Инсталирање

- Да избегнете лизгање и телесна повреда, не газете врз заштитната кутија на ТВ при отпакување на ТВ.
- Телевизорот треба да се инсталира на место каде контактот за напојување ќе биде лесно достапен.
- Телевизорот ставете го на стабилна, рамна површина да спречите да не падне и да не повреди негото или да се расипе.
- ТВ поставете го на место каде не може да се преврте, турне или удри.
- ТВ инсталирајте го така што Држачот за маса не излегува надвор од ТВ држачот (одделно се продава).  Ако Држачот за маса излегува надвор од ТВ држачот може да предизвика ТВ да се превртi, падне и да предизвика телесна повреда или да се оштети ТВ.



- Внимавајте во текот на инсталирање на Држачот за маса да не помине дете.
- Само квалификуван сервисен персонал треба да го изведе прикачувањето на ѕид.
- Поради безбедносни причини, строго се препорачува да користите Sony делови, вклучувајќи:
  - Конзола за држач за ѕид
- При прикачување на куките за монтирање (држач) користете ги завртките испорачани со Држачот за ѕид за поставување на телевизорот. Испорачаните завртки се специјално дизајнирани да ја издржат тежината на телевизорот.
  Дијаметарот и должината на завртките се разликуваат во зависност од моделот на држачот за ѕид.
  Доколку користите други завртки може да предизвикате внатрешно оштетување на телевизорот или пак да падне
  Видете стр. 17 (Користење на испорачана Конзола за ѕид).
  Видете стр. 23 (Користење Конзола за ѕид по желба).

### Транспортирање

- Пред транспортирање на ТВ сетот, исклучете ги сите кабли.
- Двајца или тројца луѓе се потребни за транспортирање на ТВ сетот.
- Кога го транспортирате ТВ рачно, држете го како што е прикажано. Не прменувајте сили врз LCD екранот и рамката околу екранот.



- Кога транспортирате ТВ не го изложувајте на удари или прекумерни вибрации.
- Кога го транспортирате ТВ на сервис или кога го поместувате, ставете го во оригиналната кутија и материјали за пакување.

### Вентилација

- Никогаш не ги покривајте отворите за вентилација или да ставате нешто друго во куќиштето.
- Оставете простор околу ТВ како што е прикажано подолу.
- Строго се препорачува да користите Sony Држач за ѕид со цел да обезбедите соодветна воздушна циркулација.

### Инсталирање на ѕид




Не ставајте ништо директно под ТВ.

### Инсталирање со држач




Не ставајте ништо директно под ТВ.

• За да се обезбеди правилна вентилација и да се спречи таложење на прашина и нечистории:
– Не го оставајте ТВ да лежи хоризонтално, свртен наопаку, или потпрен накосо.
– Не го поставувајте ТВ на полица, кревет или во тоалет.
– Не го покривајте ТВ со ткаенини како завеси, или предмети како весници и сл.
– Не го монтирајте ТВ како што е прикажано подолу.
– Не ставајте ништо директно под ТВ.

Воздушната циркулација е блокирана.




### Кабел за напојување
Правилно ракувајте со електричното напојување за да се спречи ризик од пожар, електричен удар или оштетување, и/или телесни повреди:
– Приклучокот ставете го до крај во контактот.
– Со ТВ поврзете го само во 220-240 V напојување.
– Кога ќе ги птиклучувате каблите со ТВ, уверете се дека уредот е исклучен од напојување, и внимавајте да не газите боси по каблите.
– Исклучете го ТВ од напојување пред евентуално сервисирање или преместување на ТВ.
– Ел. контакти држете ги подалеку од топлотни извори.
– Исклучете го ел. приклучок и редовно чистете го. Ако врз него се наталожи прашина или влага, електричното коло може да се оштети, а тоа да резултира со пожар.

Забелешки
• Не употребувајте кабел за напојување од друг производител.
• Не газете и не свиткувајте го кабелот за напојување. Спроводниците можат да се оштетат.
• Не го модифицирајте кабелот за напојување.
• Не ставајте тешки предмети врз него.
• Не влечете го кабелот ако сакате да го исклучите од ел. контакт.
• Не приклучувајте премногу апарати на ист ел. контакт.
• Не го приклучувајте ТВ во лабав ел. контакт.

## Забрането користење
ТВ не го инсталирајте/користите на места, околина или ситуации како горенаведените или ТВ може да се расипе и да предизвика пожар, електричен шок, штета и/или повреди.

### Локации:
• Надвор (на директна сончева светлина), на брег, брод или други пловни објекти, во автомобил, во медицински институции, нестабилни локации, во близина на вода, дожд, влага или дим.
• Ако ТВ е ставен во соблекувална на јавна бања или минерален извор, ТВ може да се оштети од сулфурот што испарува и т.н.



• За најдобар квалитет на слика, екранот не го изложувајте на директно осветлување или сонце.
• Избегнувајте ТВ да го поместувате директно од ладно на топло. Ненадејните промени на собна температура може да предизвика кондензација на влага. Ова може да предизвика ТВ да прикаже слаба слика и/или слаба боја. Ако се случи ова, дозволете влагата комплетно да испари пред да го вклучите ТВ.

### Опкружување:
• Места кои се топли, влажни или прекумерно прашливи; каде може да влезат инсекти; каде што може да биде изложен на механички вибрации, во близина на запаливи предмети (свеќи и т.н.). ТВ не треба да го изложите на паѓање или прскање и не треба врз ТВ да ставате предмети полни со течно како на пр. вазни.

• ТВ не го ставајте на влажни или прашливи места или во просторија со мрсен чад или пареа (во близина на маси за готвење или навлажувачи). Може да предизвика пожар, електричен шок или да се искриви.



• ТВ не го инсталирајте на места изложени на прекумерна температура како на пр. директна сончева светлина, во близина на радијатор или греалки. ТВ може да се прегрее до тој степен што може да предизвика деформација и дефект на ТВ.





### Ситуации:
• ТВ не го користите ако рацете ви се влажни, куќиштето е отворено или со делови кои не се препорачани од производителот. ТВ исклучете го од штекер и антената при невреме.
• ТВ не го инсталирајте да стрчи во просторот. Може да се случи оштетување или повреда или некој може да удри во ТВ.



### Скршени парчиња:
• Не фрлајте ништо кон ТВ. Стаклото на екранот може да се скрши и да предизвика сериозни повреди.
• Ако површината на ТВ напукне, не го допирајте се додека не го исклучите од напојување. Во спротивно, постои опасност од електричен удар.

## Кога не се користи
• Ако ТВ не го користите неколку дена, ТВ треба да го исклучите од штекер за заштита на околината и безбедносни причини.
• ТВ не е исклучен од штекер кога ТВ само ќе го исклучите, извлечете го кабелот од штекерот за комплетно исклучување на ТВ.
• Но, некои ТВ може да имаат карактеристика која бара ТВ да биде оставен во режим на мирување за да може да работи правилно.

## За деца
• Не дозволувајте децата да се качуваат на уредот.
• Малите делови чувајте ги подалеку од дофат на децата, за случајно да не ги голтнат.

## Ако се случат следниве проблеми...
**Исклучете** го ТВ и откачете го AC кабелот за напојување веднаш ако се случи нешто од следниве проблеми.
Консултирајте се со дистрибутерот или Sony сервисниот центар за да се направи проверка и сервисирање.

## Кога:
– Главниот кабел е оштетен.
– Електричниот контакт е лабав.
– ТВ е оштетен од пад, удар или нешто е фрлено во него.
– Течност или цврст предмет паднал преку отворите во куќиштето.

## За температурата на LCD мониторот
Кога LCD мониторот се користи подолго време, панелот се затоплува. Може да почувствувате топлина кога ќе го допрете со рака.

## КОНЗОЛА ЗА ДРЖАЧ ЗА SИД
Долунаведените информации прикажуваат правилно ракување со Конзолата за држач за sид. Прво прочитајте ја внимателно оваа информација и правилно користете ја Конзолата за држач за sид.

### За купувачите:
Прво земете ги во предвид следните мерки за претпазливост за лична безбедност и спречување сериозни повреди од пожар, електричен шок, превртување или паѓање.

- Склучете договор за инсталирање со овластен изведувач и мали деца држете ги подалеку за време на инсталирањето.
- Преместување или демонтирање на ТВ препуштете го на овластен изведувач.
- Не ги вадете завртките и т.н. по монтирање на ТВ.
- Не правете измени на деловите на Држачот за ѕид.
- Не монтирајте никаква друга опрема освен назначениот производ.
- Не ставајте ништо потешко освен ТВ на Држачот за ѕид.
- Не се потпирајте врз ТВ.
- Со ТВ не ракувајте со прекумерна сила за време на чистење или одржување.

### За Sony продавачи и изведувачи:

Следниве инструкции се за Sony продавачи и изведувачи. Прво прочитајте ги долуопишаните мерки на претпазливост и обрнете особено внимание на безбедност за време на инсталирање, одржување и проверка на производот.

- При одржување или монтирање на ТВ, држете го странично. Не го кревајте ТВ во форма на буквата У.




- Не го инсталирајте Држачот за ѕид на површина каде аглите или страните на ТВ излегуваат надвор од површината.



- ТВ не го инсталирајте под или над климатизер.
- Држачот за ѕид инсталирајте го безбедно на ѕид следејќи ги инструкциите во упатството. Акоизгубите некој од завртките или паднат, Држачот за ѕид може да предизвикаат повреда или штета.
- Користее ги испорачаните завртки и делови за прикачување правилно следејќи ги инструкциите во упатството. Ако користите заменски делови, ТВ може да падне и да предизвика повреда или оштетување.



- Конзолата соберете ја правилно следејќи ги инструкциите објаснети во ова упатство.
- Завртките зацврстете ги безбедно во правилна позиција.
- ТВ не го изложувајте на шок за време на инсталирањето.
- ТВ инсталирајте го на ѕид кој е прав и рамен.
- По правилна инсталација на ТВ, каблите правилно обезбедете ги.
- Не дозволувајте кабелот за напојување или продолжниот кабел да го притиснете бидејќи внатрешните конектори може да се појават и да предизвикаат краток спој или прекин.



## Мерки на претпазливост



## Гледање ТВ

- Гледајте на нормална светлина, бидејќи гледањето на ТВ на слаба светлина долг период може да ги оштети Вашите очи.
- Кога слушате преку слушалки, прилагодете го звукот бидејќи може да дојде до оштетување на слухот.
- Некои може да почувствуваат непријатност (пр. замор на очите, замор или гадење) додека гледаат 3D видео слики или играат стереоскопски 3D игри. Sony препорачува да се прават паузи при гледање 3D видео слики или при играње на стереоскопски 3D игри. Должината и колку пати ќе правите пауза зависи од самите Вас. Мора да одлучите што е најдобро за Вас. Ако почувствувате непријатност веднаш треба да престанете да гледате 3D видео слики или да играте стереоскопски 3D игри се додека непријатноста не заврши, консултирајте се со доктор. Исто така треба да видите (i) упатството за употреба на секој уред или медиум кој го користите со овој ТВ и (ii) нашата веб страна (http://support.sony-europe.com/) за најнови информации. Видот на малите деца (особено на тие под шест години) се уште се развива. Консултирајте се со доктор (пр. педијатар или очен лекар) пре да му дозволите на Вашето дете да гледа 3D видео слики или да игра стереоскопски 3D игри. Но, потребен е надзор над децата за нивна заштита.
- Не користите, чувате или да ги оставите 3D очилата во близина на пожар или на места со висока температура, пр. директна сончева светлина или во автомобил изложен на сонце.

## LCD екран

- Иако LCD екранот е изработен со високо-прецизна технологија и 99.99% или повеќе од пикселите се ефективни, црни или светли точки (црвени, сини или зелени) можат да се појават на екранот. Ова е структурна појава на екранот и не претставува дефект.
- Не го притискајте и не гребете го предниот филтер, и не ставајте предмети на горниот дел на ТВ. Сликата може да се искриви и може да се оштети LCD екранот.
- Ако ТВ се користи на ладно место, може да се појави замаглување или затемнување на сликата. Ова не претставува дефект. Овој феномен исчезнува кога температурата ќе се зголеми.
- Замаглување може да се појави ако гледате неподвижна слика. Ќе исчезне после неколку моменти.
- Екранот и кабинетот се загреваат додека ТВ е во употреба. Ова не е дефект.
- LCD екранот содржи мала количина течен кристал. Следете ги локалните регулативи за рециклирање.

## Ракување и чистење на површината на екранот/кабинетот на ТВ уредот.

Исклучете го ТВ од ел. напојување пред чистење. За да се избегне деградација на екранот, следете ги наредните препораки.

- За отстранување на прашината од екранот/кабинетот, нежно избришете го со мека ткаенина. Ако има наталожена прашина, избришете ги со мека ткаенина натопена вода во која има растворено мала количина неутрален детергент.
- Не прскајте вода или детергент директно на ТВ. Може да падне на дното од екранот или надворешните делови и да влезе во ТВ и може да предизвика оштетување на ТВ.



- Никогаш не употребувајте абразивни средства, силни растворувачи, абразивен прашок, или насилни растворувачи, како алкохол, бензин, или инсектицид. Употребата на овие материјали или продолжен контакт со нив може да ја изгребе или обезбои површината на екранот или кабинетот.
- Не го допирајте ТВ ако на рацете имате хемикалија како на пр. крем за раце или за сончање.
- Се препорачува периодично чистење на отворите за вентилација за правилна вентилација.
- Кога го прилагодувате аголот на ТВ, движете го бавно да пречите лизгање или испаѓање на ТВ од држачот.

# Опционална опрема

• Држете ја опремата која емитира електромагнетно зрачење подалеку од ТВ. Во спротивно може да се појави дисторзија на сликата и/или шум.
• Оваа опрема е тестирана и е во согласност со ограничувањата поставени во ЕМС Директивата за користење на кабел за поврзување пократок од 3 метри.

# Препорака за F-тип на приклучок

Испакнатоста на внатрешната жица од делот за поврзување мора да е помал од 1.5 mm.




(Референтен цртеж за F тип на приклучок)

### Безжични функции на уредот

• Со овој уред не работете во близина на медицинска опрема (пејс-мекер и т.н.), може да предизвика дефект на медицинската опрема.
• Иако овој уред пренесува/прима кодирани сигнали, внимавајте за неовластен прекин. Како резултат на ова, не преземаме никаква одговорност.

### Внимание за ракување со далечинскиот управувач

• Обезбедете правилен поларитет при ставање на батериите.
• Не користете различни типови на батерии заедно или да мешате стари и нови батерии.
• Внимавајте на околината при одложување на батериите. Некои региони имаа регулирани места за одложување батерии. Консултирајте се со овластени лица.
• Со далечинското ракувајте со нега. Не го испуштајте или не нагазувајте на него, или да не истурите течност врз него.
• Далечинското не го ставајте на места во близина на топлотни извори, на директна сончева светлина или влажна соба.

### КОНЗОЛА ЗА ДРЖАЧ ЗА ЅИД

• Ако подолго време користите ТВ инсталиран на Конзола за држач за ѕид, ѕидот позади или над ТВ може да ја изгуби бојата или тапетот да го изгуби сјајот, во зависност од материјалот на ѕидот.
• Ако Конзолата за држач за ѕид ја извадите откако ќе ја инсталирате на ѕид, отворите за завртките остануваат на ѕидот.
• Конзолата за држач за ѕид не ја користите на места каде е изложена на механички вибрации.

# Одложување на ТВ



### Исфрлање на стара електрична и електронска опрема (применливо во Европ ската унија и други земји со посебни собирни центри)

Овој симбол на производот или на неговото пакување укажува дека тој не треба да се третира како обичен домашен отпад. Тој треба да се однесе во посебен собирен центар за рециклирање на електрична и електронска опрема. Со правилно исфрлање на овој производ, Вие ќе помогнете во спречувањето на потенцијалните негативни последици за опкружувањето и човековото здравје, што може да се предизвикаат со неправилно исфрлање на овој производ. Рециклирањето на материјалите ќе допринесе за зачувување на природните ресурси. За подетални информации околу рециклирањето на овој производ, Ве молиме, контактирајте ја локалната компанија за рециклирање, отпад или продавницата каде што сте го купиле производот.



### Исфрлање на батерии (апликативно во Европската Унија државите со посебни колективни системи за рециклирање)

Овој симбол на батеријата или на нејзиното пакување, укажува дека батеријата испорачана со овој производ не треба да се третира како обичен домашен отпад. Некои батерии може да се означени со хемиски знак. Хемискиот симбол за жива (Hg) или олово (Pb) се ставаат на батерии кои содржат повеќе од 0.0005% жива или 0.004% олово. Со правилно исфрлање на батериите, Вие ќе помогнете во спречувањето на потенцијалните негативни последици за опкружувањето и човековото здравје, што може да се предизвикаат со неправилно исфрлање на овој производ. Рециклирањето на материјалите ќе допринесе за зачувување на природните ресурси. Во случај да уредот треба да е постојано поврзан со вградената батерија, за зачувување, безбедност или интегритет на податоците, оваа батерија треба да се заменува само од квалификуван сервисен персонал. За да обезбедите правилен третман на батериите, однесете ги при крај на нивниот животен век во собирен центар за рециклирање на електрична и електронска опрема. За правилно и безбедно отстранување на сите типови батерии од апаратот, прочитајте го упатството за вадење на батериите од уредот. Однесете ги батериите во собирен центар за рециклирање на електрична и електронска опрема. За подетални информации околу рециклирањето на батериите, Ве молиме, контактирајте ја локалната компанија за рециклирање, отпад или продавницата каде што сте го купиле производот.

# Делови и контроли

## Контроли и индикатори




**1 Сензор за далечинско*[1] / Сензор за светло*[1] / LED осветлување / 3D Sync предавател (само KD-75X9105C)*[1]**
LED осветлувањето се пали или трепка во согласност на статусот на ТВ.
- Бело
  При вклучување на ТВ/режим на исклучена слика/надградба на софтвер и т.н.
- Тиркизно
  При поврзување безжично со мобилен уред.
- Розево*[2]
  Режим на снимање.
- Килибар
  Дотеран е тајмер.

**2 ⏻ (Напојување)**

**3 CH +/- (Канал)**

**4 ◿ +/- (Јачина на тон)**

**5 ⇥ (Избор на влезен сигнал)**
Приказ и избор на влезен сигнал.

**6 TV**
Префрлете во TV канал или влез од други апликации

*[1] Не ставајте ништо во близина на сензорот.

*[2] Само за ограничен регион/земја/ТВ модел.

# Влезови и излези




1 LAN

2 DIGITAL AUDIO OUT (OPTICAL)

3 AV 1

- Поврзете со SCART кабел. Кога ќе поврзете аналоген декодер, ТВ тјунерот емитува кодирани сигнали на декодерот и декодерот ги декодира сигналите пред да ги емитува.

4 AV 2, / COMPONENT IN

- За композитно поврзување: Користете AV 2 и (L/R) во / COMPONENT IN*[1].
- За компонентно поврзување: Користете Y, PB, PR и (L/R).

5

- Овозможува пристап до платени ТВ сервиси. За детали, видете во упатството за употреба испорачано со CAM.
- Смарт картичка не вметнувајте директно во ТВ CAM слотот. Мора да ја вметнете во Conditional Access Module обезбеден од овластен претставник.
- CAM не е поддржан во некои земји/подрачја. Проверете кај овластен претставник.
- CAM порака може да се прикаже кога ќе префрлите во дигитални програми по користење на интернет видео.

6 USB 1/2, USB 3 (HDD REC)*[2] *[3]

- Поврзување на голем USB уред може да пречи на другите поврзани уреди.
- Кога поврзувате голем USB уред, поврзете го во USB 1 приклучокот.

**7 AUDIO OUT ⊖/🎧**

- Да слушате ТВ звук преку поврзаната опрема, допрете **HOME**. Изберете [Settings] → [Sound] → [Headphone/Audio Out] и потоа изберете мени.

**8 HDMI IN 1/3/4**

- Ако поврзете дигитален аудио систем кој е компатибилен со Audio Return Channel (ARC) технологијата, користете HDMI IN 4. Во споритвно, направете дополнително поврзување со DIGITAL AUDIO OUT (OPTICAL).

**9 HDMI IN 2/MHL**

- Можете да го поврзете вашиот MHL (Mobile High-definition Link) уред преку MHL кабел со HD квалитет.

**10 (Сателитски влез)**

Поврзете ја сателитската антена.

**11 (RF влез)**

Поврзете во кабел или антена.

*1 Кога ќе поврзете моно опрема, поврзете во L (MONO) аудио приклучок (штекер).

*2 Само за ограничен регион/земја/ТВ модел.

*3 HDD REC функцијата е достапна од средината на 2015. Автоматски ќе ја добиетеHDD REC функцијата како надградба на софтверот. Проверете дали ТВ е поврзан со интернет. Ако немате мрежно поврзување, може да превземете софтвер од Sony веб страната за поддршка преку компјутер. За детали како да направите ажурирање, посетете ја Sony веб страната за поддршка. Да бидете информирани за точна дата, пријавете се на http://www.sony.eu/support/2015tvnetworkupdate

# Користење на далечинското

## Опис на делови на далечинското

**IR (инфрацрвен) далечински**




**Далечински на допир**




1 ⇥/⊜ **(Избор на влез/Задржување текст)**

Во ТВ режим: Приказ и избор на извор за влез.
Во режим на текст: Задржување на моменталната страна.

**SYNC MENU*1**

Приказ на BRAVIA Sync Menu.

⏻ **(ТВ во мирување)**

Вклучување или исклучување на ТВ (мирување).

**DIGITAL/ANALOG**

Менување меѓу дигитален и аналоген режим.

**TV/RADIO**

Менување меѓу ТВ или RADIO емитување.

**FOOTBALL*1**

Вклучување или исклучување на режимот Live Football (Фудбал во живо) (кога

2 **Нумерички копчиња**

**EXIT**

Враќање во претходен екран или излез од мени. Кога е достапен сервисот Interactive Application (Интерактивна апликација), допрете да излезете од сервисот.

⊜ **(Текст)**

Приказ на текстуална информација.

3 **Копчиња во боја**

Извршување на функција во тоа време.

ⓘ/⑦ **(Информации/Откривање текст)*1**

Приказ на информација.

**NETFLIX*1**

Пристап кон “NETFLIX” онлајн сервис.

**HELP**
Display Help Menu.

4 **ACTION MENU**
Приказ на листа со контекстуални функции.
Може да се прикаже и со лизгање надолу со прстот до **ACTION MENU** на Далечинско со екран на допир.

**TV***1
Префрлање во ТВ канал или влез од други апликации.

**GUIDE/** *1
Приказ на дигитален водич за програмите.

**BACK/**
Враќање во претходен екран.

**HOME**
Приказ на TV Home Menu.

**DISCOVER**
Појавување на Content Bar (Листа со содржини) за пребарување на содржини. Content Bar може да го активирате и со лизгање нагоре со прстот од **DISCOVER** кон Далечинското со екран на допир.

**↑/↓/←/→ ⊕ (Избор на мени/Потврда)**

5 **+/– (Јачина на тон)**
Прилагодување јачина на тон.

**(Скокање)**
Скокајте напред и назад меѓу два канала или влезови. ТВ менува меѓу моменталниот канал или влез и последниот канал и влез кој е избран.

**(Пригушување)**
Пригушување на звук. Допрете повторно за враќање на звукот.

**PROG +/–/ /**
Во ТВ режим: Изберете канал.

Во Текст режим: Изберете следна () или претходна () страна.

6 **AUDIO**
Менување јазик на програмот кој го гледате моментално.

**(Дотерување превод)**
Вклучување или исклучување на превод (кога карактеристиката е достапна).

**(Широк режим)**
Менување формат на екран.

7 **◀◀ ▶ ▶▶ ◀◀ ▮▮ ▶▶▮**
Ракувајте со содржината на медиумот на ТВ и поврзаниот BRAVIA Sync компатибилен уред.

**● REC*1*2**
Снимање на моменталната програма со USB HDD функција за снимање.

**TITLE LIST*1**
Приказ на листа со наслов.

8 **(Микрофон)**
Користете Voice Function. (пр., Пребарување разни содржини гласовно.)

9 **Екран на допир**
Ракувајте со ТВ преку екран на допир.

10 **(NFC)**
Допрете на уредот (пр. некои модели на Xperia) кои одговараат на функцијата One-touch mirroring, потоа неговиот екран се прикажува на ТВ.

*1 Локација, достапност и функција на копчињата на далечинското може да се разликуваат во зависност од земјата/регионот/ТВ моделот.

*2 HDD REC функцијата ќе биде достапна од средината на 2015.
Автоматски ќе ја примите HDD REC функцијата како надградба на софтверот. Погрижете се ТВ да биде поврзан со интернет. Ако немате мрежно поврзување, софтверот може да го превземете од страна за поддршка на Sony со помош на компјутер. За детали како да го ажурирате, посетете ја веб страната на Sony за поддршка. Да бидете информирани за точниот датум, пријавете се на
http://www.sony.eu/support/2015tvnetworkupdate

## Користење на Далечинско со екран на допир

Далечинското со екран на допир може да се користи откако ќе го спарите со ТВ.
Да го спарите, следете ги инструкциите на екранот. Екранот за спарување може да се прикаже со допирање на копчето на ТВ за околу 5 секунди или изберете [Settings] - [Touchpad Remote Control settings] - [Pair Touchpad Remote Control].

## Активирање на вовед за Далечинско на допир/Почетен курс

1 Допрете HOME.




2 Изберете [Settings] - [Touchpad Remote Control settings] - [Start Introduction/ Tutorial].

# Прикачување Држач за маса (Алтернативен)

Може да го поместите Држачот за маса од крајот кон средина следејќи ги инструкциите подолу.




Забелешка
- За инсталирање потребни се двајца или повеќе луѓе.
- Внимавајте да не си го притиснете прстот при инсталирање.

**KD-75X9105C/65X9005C**

1



2



**KD-55X9005C**

1 Извадете ги долните завртки и потоа една од Држачот за маса.




2 Прикачете ја плочата на држачот (испорачана со ТВ) за откачување на Држачот за масса.




3 Фиксирајте ја плочата за држач на Држачот за маса со завртките (M5×10) (испорачано со ТВ).




4 Прикачете го Држачот за маса со плочата за држач во средна позиција и фиксирајте ја со завртки (M6×32) (испорачани со ТВ).




5 Направете ја истата постапка за другата страна на Држачот за маса.

6 Прикачете ги капаците на држачот (испорачано со ТВ).



Забелешка

• За инсталирање потребни се двајца или повеќе луѓе.
• Проверете да не има предмети пред ТВ.




## Поврзување на кабли

**KD-75X9105C/65X9005C**




**KD-55X9005C**




*1 Место на стегач за кабел кога Држачот за маса е поставен во средна позиција.

*2 Место на стегач за кабел кога Држачот за маса е поставен на работ.

Забелешка

• За откачување на стегачот за кабел од ТВ, допрете врз стегачот (1), потоа притиснете го (2) како што е прикажано.



# Поврзување други уреди

За повеќе информации за поврзување, видете во Help Guide.

Забелешка

• Да изберете влезен уред поврзан во ТВ, допрете на ⎆

## Прикачување капак на терминал

По поврзување на каблите, прикачете капак на терминалот.



## Да поврзете сателитска

Поврзување земјени/кабелски или сателитски.

① → ③ : чекори за поврзување




* Поврзете само кога користите режим за дупли тјунер.

## За поврзување на Сателитска

Поврзете во ТВ преку HDMI или SCART кабел.



## Поврзување MHL уред




ТВ наизменично полни MHL-компатибилен поврзан уред додека репродуцира фотографии/музика/видео фајлови. Може да го користите далечинското од ТВ за управување со поврзаниот MHL-компатибилен уред.

Забелешки

- Ако [MHL charging during standby] е дотеран во [On], може да продолжите со полнење на MHL-компатибилен уред дури и кога ТВ е во режим на мирување.
- Користете овластен MHL 3 CABLE со MHL лого за 4K паметен телефон или мобилни уреди.

# Инсталирање на ТВ на ѕид

## Користење на испорачаната Конзола за држач за ѕид

**За потрошувачите**
Потребна е стручност за инсталирање на овој производ. Направете договор за инсталирање со продавницата на Sony или овластен изведувач и обрнете особено внимание врз безбедноста за време на инсталирањето. Sony не е одговорен за било каква штета или повреда предизвикана од неправилно ракување или инсталирање или пак инсталирање на друг производ. Вашите уставни права (доколку има) не се засегнати.

**За продавачите на Sony и изведувачи**
Потребна е стручност за инсталирање на овој производ. Прво прочитајте го ова упатство внимателно за безбедно инсталирање. Sony не е одговорен за било каква штета или повреда предизвикана од неправилно ракување или инсталирање.

**За безбедност на производот и лична безбедност, Sony стриктно препорачува инсталирањето на ТВ на ѕид да го направи квалификувано лице. Не се обидувајте сами да го инсталирате.**

- Следете ги инструкциите обезбедени со Конзолата за Држач за ѕид за вашиот моде. Потребна е стручност за инсталирање на ТВ, особено за одредување на јачината на ѕидот за да ја издржи тежината на ТВ.
- Должината на завртките за Конзолата за држачот за маса се разликуваат во зависност од дебелината на Држач за ѕид. Видете ја илустрацијата подолу.




Забелешка
- Видете ја стр. 4 (Безбедносни информации) и стр. 6 (Мерки на претпазливост) за КОНЗОЛА ЗА ДРЖАЧ ЗА ЅИД пред да ја инсталирате Конзолата за држач за ѕид.
- Кога повторно ќе го прикачите Држачот за ѕид, зацврстете ги завртките (претходно извадени) во оригиналните отвори на задниот дел од ТВ.

1 Подготовка на неопходни делови.

**Додатоци за Конзола за држач за ѕид (испорачани)**

A Шаблон H Конзола за држач за ѕид J Додаток во У форма K Гумички L M6 × 20




**Завртки за Конзола за држач за ѕид (8 mm во дијаметар, одделно се продаваат) (4)**

2 Извадете ги завртките од задниот дел на ТВ пред прикачување на додатокот У форма.

**KD-75X9105C**




**KD-65X9005C / 55X9005C**




3 Прикачете го додатокот во У форма **J** (испорачано со ТВ) на задниот дел од ТВ.

**KD-75X9105C**




**KD-65X9005C / 55X9005C**



4 Прикачете ги гумичките K на задниот дел од ТВ.




5 Проверете дали на ѕидот има доволно место за ТВ и мже да издржи тежина четири пати потешка од ТВ.
Видете во следната табела за инсталира на ТВ на ѕид. Видете на стр. 26-29 (Спецификации) за тежината на ТВ.




Единица: mm

| Име на моделот | Димензии за приказ | | Средна димензија на екранот | Должина за | |
|---|---|---|---|---|---|
| | a | b | c | d | e |
| **KD-75X9105C** | 1,672 | 959 | 387 | 871 | 50 |
| **KD-65X9005C** | 1,451 | 835 | 325 | 747 | 40 |
| **KD-55X9005C** | 1,232 | 712 | 263 | 624 | 40 |

Забелешка
- Податоците во табелата може малку да се разликуваат во зависност од инсталирањето.

6 Повлечете ја игличката за заклучување (H2) и извадете ја плочата за заклучување (H1) од Конзолата за држач за маса H.




7 Ставете го шаблонот A на ѕид и направете отвор во согласност со бројот на шаблонот A со помош на електрична бушилка.




8 Отстранете го Шаблонот A од ѕидот.

9 Безбедно закачете ја Конзолата за држач за ѕид (H3) (испорачан со ТВ) на ѕид со помош на завртките (8 mm во дијаметар, одделно се продаваат).



10 Извадете ги капаците за терминали и откачете го Држачот за маса од ТВ додека држите на долниот дел од ТВ.



11 Закачете го додатокот во У форма на Конзолата за држач на ѕид на ѕид.



12 Прикачете ја игличката за заклучување (H1) (испорачано со ТВ).



## 13 Ставете ја игличката за заклучување (H2) (испорачано со ТВ).




## 14 Прикачете ги каблите во ТВ навалувајќи го напред.



Забелешка
• За инсталирање потребни се двајца.
• При прикачување на ТВ прицврстете го додатокот во У форма.
• Ако користите електричен штрафцигер, дотерајте ја брзината приближно 1.5 N·m {15 kgf·cm}.
• Не може да ги користите некои терминали на задниот дел од ТВ кога го користите овој тип на монтирање.



## Користење на Конзола за држач за ѕид по избор

Во ова упатство се покажуваат само чекорите за подготовка за инсталирање на ТВ пред да го инсталирате на ѕид.

**За потрошувачите**
За заштита на производот и од безбедносни причини, Sony препорачува инсталирањето на ТВ да се направи од страна на Sony продавачот или лиценциран изведувач. Не се обидувајте сами да го инсталирате.

**За Sony продавачи и изведувачи**

Обрнете целосно внимание на безбедност за време на инсталирањето, периодично одржување и испитување на овој производ.

**За безбедност на производот и лична безбедност, Sony стриктно препорачува инсталирањето на ТВ на ѕид да го направи квалификувано лице. Не се обидувајте сами да го инсталирате.**

- Следете ги инструкциите обезбедени со Конзолата за Држач за ѕид за вашиот моде. Потребна е стручност за инсталирање на ТВ, особено за одредување на јачината на ѕидот за да ја издржи тежината на ТВ.
- Должината на завртките за Конзолата за држачот за маса се разликуваат во зависност од дебелината на Држач за ѕид. Видете ја илустрацијата подолу.

Отвор за завртки за Конзола за ѕид по избор (Горна страна)




Отвор за завртки за Конзола за ѕид по избор (Долна страна)




| |
|---|
| Потребна е доволна стручност за инсталирање на овој производ, особено за одредување на јачината на ѕидот за да ја издржи тежината на ТВ. Прикачувањето на ѕид на овој пориизвод треба да биде направен од страна на Sony продавачот или лиценцирани изведувачи и обрнете посебно внимание на безбедноста за време на инсталирањето. Sony не одговара за било какво оштетување или повреда предизвикани од неправилно ракување или неправилно инсталирање. |

Користете Конзола за држач за ѕид за инсталирање на ТВ на ѕид.
При инсталирање на Конзолата за држач за ѕид видете во Упатството за употреба или Водичот за инсталација испорачани со Конзолата за држач за ѕид.

Забелешка
- Зачувајте ги извадените завртки на безбедно место, подалеку од дофат на деца.

1 Отстранување на завртките од задниот дел на ТВ пред прикачување на додатокот во У форма.

**KD-75X9105C**




**KD-65X9005C / 55X9005C**




2 Прикачете го Додатокот во У форма **J** (испорачан со ТВ) на задниот дел од ТВ.

**KD-75X9105C**




**KD-65X9005C / 55X9005C**



# Проблеми и можни решенија

Со цел навремено ажурирање на ТВ потребно е превземање на најнова информација за софтверот преку систем со дигитално емитување или интернет и ажурирање на софтверот. Изберете [Update Now] да почнете со ажурирање на софтверот. LED сијаличката трепка бело при ажурирање на софтверот. Не го откачувајте AC кабелот за напојување за време на ажурирањето на софтверот. Ако го направите тоа, ажурирањето на софтверот може да не заврши целосно и и може да предизвика дефект на софтверот. Ажурирањето на софтверот може да потрае околу 30 минути. Ако не сакате автоматски да се ажурира софтверот, допрете **HOME** и изберете [Help] → [System software update] → [Automatic software download] → [Off].

Кога ќе го откачите ТВ и повторно ќе го приклучите, ТВ може нема да се вклучи веднаш дури и ако го допрете копчето за напојување на далечинското или на ТВ бидејќи му е потребно време за иницијализирање на системот. Почекајте околу една минута и повторно ракувајте со него.
Кога ќе го вклучите со допирање на копчето за напојување на далечинското или ТВ, потребно е некое време да се вклучи LED и далечинското да работи.

**Кога LED сијаличката трепка црвено, избројте колку пати треба (временски интервал е три секунди).**
Кога LED сијаличката трепка црвено, ресетирајте го ТВ со откачување на главниот приклучок од ТВ на околу две минути, потоа повторно вклучете го ТВ.
Ако проблемот сеуште постои, обратете се кај продавачот или сервис на Sony наведувајќи го времето колку време LED сијаличката трепка црвено (временски интервал е три секунди).
Откачете го главниот кабел и информирајте го продавачот или Sony сервисот.

**Кога LED сијаличката не трепка, проверете ги ставките како што следи.**
Можете да видите ви [Troubleshooting] во Водичот со помош или да ја направите следната самодијагноза со избор на [Help] → [Self Diagnostics]. Ако проблемот постои, ТВ треба да го сервисира само квалификуван сервисер.

**Нема слика (екранот е темен) и нема звук.**
- Проверете го поврзувањето на антената/кабелската.
- Поврзете го ТВ во AC напојување и допрете на ТВ или далечинскиот.

**Некои програми не може да се дотераат.**

- Проверете ја антената или сателитската антена/кабелското поврзување.
- Сателитскиот кабел може да има краток спој или може да има проблеми при поврзување на кабелот. Проверете го поврзувањето и потоа исклучете го ТВ со прекинувачот Mains power On/Off и потоа повторно вклучете го.
- Фреквенцијата која што сте ја внеле е надвор од опсегот. Консултирајте со компанијата за сателитско емитување.

**Не може да најде Кабелски ТВ сервиси (програми).**
- Проверете го кабелското поврзување и конфигурацијата за дотерување.
- Обидете се да направите [Digital Auto Tuning] со избор на [Antenna] наместо [Cable].

**Далечинскиот не работи.**
- Земенете ги батериите.

**[Parental lock] лозинката сте ја заборавиле.**
- Внесете 9999 за PIN код. (PIN кодот 9999 секогаш се прифаќа.)

**Околу ТВ се затоплува.**
- Кога ТВ се користи подолг период околу него се затоплува.
  Може да почувствувате топлина кога ќе го допрете со рака.

**Замрзната аудио или видео, празен екран или ТВ не реагира на копчињата од ТВ или далечинското.**
- Направете само ресет на ТВ со откачување на кабелот за напојување околу две минути, потоа повторно приклучете го.

**⏻ CH+/–, ◿+/–, ⇥ и ТВ копчињата не може да се најдат на ТВ.**

- Видете ја илустрацијата за локација на копчињата на ТВ.




**LED сијаличката е вклучена.**

- Ако не сакате да свети LED сијаличката, може да го исклучите.
  Допрете **HOME** и изберете [Settings] → [Illumination LED] → [Off].




**Не можете да го поврзете во безжичен рутер преку WPS (Wi-Fi Protected Setup).**

- Ако користите WEP безбедност, изберете [Easy] t [Wi-Fi] → [Connect by scan list].
  Потоа изберете име на мрежа (SSID) која сакате да ја поврзете.

**Не можете да го најдете бараното име на мрежа во мрежното дотерување.**

- Изберете [[Manual Entry]] и допрете ⊕ да внесете име на мрежа.

# Спецификации

## Систем

Систем на екранот
LCD (Liquid Crystal Display) екран, LED светло

ТВ систем
Во зависност од избраната земја/подрачје
Аналоген: B/G, D/K, L, I
Дигитален: DVB-T/DVB-C
DVB-T2
Сателитски: DVB-S/DVB-S2

Систем за боја/видео
Аналоген: PAL, SECAM, NTSC3.58 (само видео), NTSC4.43 (само видео)
Дигитално: Видете во Водичот со помош.

Покриени канали
Аналогна: UHF/VHF/Кабелска, Во зависност од изборот на земја/подрачје.
Дигитална: UHF/VHF/ Кабелска, Во зависност од изборот на земја/подрачје.
Сателитска: IF фреквенција 950-2150 MHz

Излез за звук
7.5 W + 7.5 W + 7.5 W + 7.5 W

Безжична технологија
Protocol IEEE802.11ac/a/b/g/n
(IEEE802.11ac може да не е достапна во зависност од земјата/регионот.)
Bluetooth Version 4.1

## Влезни/Излезни приклучоци

Антенски кабел
75 ohm надворешен терминал за VHF/UHF

Сателитска антена
Женски F-тип на конектор IEC169-24, 75 ohm.
DiSEqC 1.0, LNB 13 V/18 V & 22 kHz, Единечен кабел за дистрибуцијаEN50494.

⇆ /⇥ AV1
21-пински скарт конектор (CENELEC стандард) вклучувајќи аудио/видео влез, RGB влез и ТВ аудио/видео излез.

⇥/⇥ COMPONENT IN
YPBPR (Видео компонента): 1080p (50, 60 Hz), 1080i (50, 60 Hz), 720p (50, 60 Hz), 576p, 576i, 480p, 480i
Аудио влез (Фоно приклучок)

⇥ AV2
Видео влез (заеднички фоно пин со Y влез)

HDMI IN 1, 2, 3, 4 (поддржува 4K резолуција)
Видео (2D):
4096 × 2160p (50, 60 Hz)*1*2, 4096 × 2160p (24 Hz)*2, 3840 × 2160p (50, 60 Hz)*1, 3840 × 2160p (24, 25, 30 Hz), 1080p (30, 50, 60 Hz), 1080/24p, 1080i (50, 60 Hz), 720p (30, 50, 60 Hz), 720/24p, 576p, 576i, 480p, 480i, PC формати

*1 YCbCr 4:2:0 / 8bit само
*2 3840 × 2160p се прикажува кога 4096 × 2160p е влез

Видео (3D):
Рамка: 1080p (30 Hz), 1080/24p, 1080i (50, 60 Hz), 720p (30, 50, 60 Hz), 720/24p
Side-by-Side: 1080p (50, 60 Hz), 1080/24p, 1080i (50, 60 Hz), 720p (50, 60 Hz)
Над-Под: 1080p (30, 50, 60 Hz), 1080/24p, 1080i (50, 60 Hz), 720p (50, 60 Hz)
Аудио: 5.1 канал линеарен PCM: 32, 44.1, 48, 88.2, 96, 176.4 и 192 kHz, 16, 20 и 24 bits, Dolby Digital и DTS
ARC (Audio Return Channel) (само HDMI IN 4)

MHL (HDMI IN 2)
Видео (2D):
4096 × 2160p (24 Hz)*, 3840 × 2160p (24, 25, 30 Hz), 1080p (30, 50, 60 Hz), 1080/24p, 1080i (50, 60 Hz), 720p (30, 50, 60 Hz), 720/24p, 576p, 576i, 480p, 480i

* 3840 × 2160p се прикажува кога 4096 × 2160p е влез

Видео (3D)):
Рамка: 1080p (30 Hz), 1080/24p, 1080i (50, 60 Hz), 720p (30, 50, 60 Hz), 720/24p
Side-by-Side: 1080p (50, 60 Hz), 1080/24p, 1080i (50, 60 Hz), 720p (50, 60 Hz)
Над-Под: 1080p (50, 60 Hz), 1080p (30 Hz), 1080/24p, 1080i (50, 60 Hz), 720p (50, 60 Hz)
Аудио: 5.1 канал линеарен PCM: 32, 44.1, 48, 88.2, 96, 176.4 and 192 kHz, 16, 20 и 24 bits, Dolby Digital и DTS

DIGITAL AUDIO OUT (OPTICAL)
Дигитален оптички приклучок (Дво линеарен канал PCM, Dolby Digital, DTS)

AUDIO OUT, (Стерео мини приклучок)
Слушалки, аудио излез, субвуфер

1, 2, SS 3 (HDD REC)*4
Порт за USB уред ( SS 3 USB HDD уред за REC)
USB порт 1 и 2 поддржува High Speed USB (USB2.0).
USB порт 3 поддржува Super Speed USB (USB3.0).

CAM (Conditional Access Module) слот

LAN
10BASE-T/100BASE-TX конектор (Во зависност од работната околина на мрежата, брзината на поврзување може да се разликува. 10BASE-T/100BASE-TX брзина и квалитет на комуникација не се гарантираат за овој ТВ.)

## Други

Додатоци по избор
Безжичен субвуфер: SWF-BR100
MHL кабел: DLC-MC10, DLC-MC20, DLC-MC30
Активни 3D очила: TDG-BT500A (KD-75X9105C)

Пасивни 3D очила: TDG-500P (KD-65X9005C / 55X9005C)

Работна температура
0 ºC – 40 ºC

Влажност при работа
10 % – 80 % RH (некондензирачки)

## Напојување и друго

Потребна моќ
220 V - 240 V AC, 50 Hz

Класа на енергетска ефикасност
KD-75X9105C: A
KD-65X9005C: A
KD-55X9005C: B

Големина на екран (дијагонално мерен) (Приближ.)
KD-75X9105C: 189.3 cm / 75 inches
KD-65X9005C: 163.9 cm / 65 inches
KD-55X9005C: 138.8 cm / 55 inches

Потрошувачка во [Standard] режим
KD-75X9105C: 175 W
KD-65X9005C: 157 W
KD-55X9005C: 138 W

во [Vivid] режим
KD-75X9105C: 336 W
KD-65X9005C: 305 W
KD-55X9005C: 268 W

Просечна годишна потрошувачка на енергија*1
KD-75X9105C: 243 kWh
KD-65X9005C: 218 kWh
KD-55X9005C: 191 kWh

Потрошувачка во режим на мирување*2*3
0.50 W (28 W во програм /EPG ажурирање)

Резолуција на приказ
3,840 точки (хоризонтално) × 2,160 линии (вертикално)

Излезна моќ
USB 1/2: 5 V, ⎓, 500 mA MAX
USB 3: 5 V, ⎓, 900 mA MAX
MHL (HDMI IN 2): 5 V, ⎓, 1.5 A MAX

## Димензии (Приближ.) (в×ш×д)

со Држач за маса
На крај
KD-75X9105C: 167.2 × 103.1 × 33.6 cm
KD-65X9005C: 145.1 × 89.7 × 25.7 cm
KD-55X9005C: 123.2 × 77.4 × 25.7 cm
Во средина:
KD-75X9105C: 167.2 × 103.1 × 33.6 cm
KD-65X9005C: 145.1 × 89.7 × 25.7 cm
KD-55X9005C: 123.2 × 76.6 × 25.7 cm

без Држач за маса
KD-75X9105C: 167.2 × 95.9 × 5.0 cm
KD-65X9005C: 145.1 × 83.5 × 3.9 cm
KD-55X9005C: 123.2 × 71.2 × 3.9 cm

## Ширина на држач (Приближ.)

На крај:
KD-75X9105C: 166.9 cm
KD-65X9005C: 144.9 cm
KD-55X9005C: 123.0 cm

Во средина:
KD-75X9105C: 74.0 cm
KD-65X9005C: 57.6 cm
KD-55X9005C: 53.0 cm

## Маса (Приближ.)

со Држач за маса
KD-75X9105C: 35.1 kg
KD-65X9005C: 24.0 kg
KD-55X9005C: 19.7 kg

без Држач за маса
KD-75X9105C: 33.7 kg
KD-65X9005C: 23.2 kg
KD-55X9005C: 18.4 kg

*1 Годишна потрошувачка на енергија врз основа на потрошувачката на ТВ кој работи 4 часа дневно за 365 дена. Вистинската потрошувачка на енергија ќе се разликува во зависност од тоа како го користите ТВ.

*2 Наведениот режим на мирување се постигнува откако ТВ ќе заврши со неопходните интерни процеси.

*3 Потрошувачката во режим на подготвеност ќе се зголеми кога е поврзана мрежа.

Забелешка
- Не ја вадете картичката – макета од TV CAM (Conditional Access Module) слотот освен ако сакате да ставите смарт картичка која одговара во CAM.
- Достапноста на додатоци по желба зависи од земјата/регионот/ТВ моделот/залихата.
- Дизајнот и спецификациите се предмет на измена без претходна најава.
- Овој ТВ се вклучува со MHL 3.

## Забелешки за Дигитални ТВ функции

- Било кои функции во врска со Дигитален ТВ (DVB) DVB-T/DVB-T2 (MPEG-2 и H.264/MPEG-4 AVC) се емитува дигитален терестријален сигнал или каде што имате пристап до компатибилен DVB-C (MPEG-2 и H.264/MPEG-4 AVC) кабелски сервис. Проверете кај локалниот добавувач дали можете да примите DVB-T/DVB-T2 сигнал каде што живеете или прашајте го кабелскиот оператор дали нивниот DVB-C кабелски сервис е погоден за интегрирана соработка со овој ТВ.
- Вашиот кабелски оператор може да наплатува за нивните сервиси или ќе треба да се согласите со нивните услови и одредби за работа.
- Овој ТВ е во согласност со DVB-T/DVB-T2 и DVB-C спецификации, но не се гарантира компатибилност со идното DVB-T/DVB-T2 дигитално терестријални и DVB-C дигитално кабелско емитување.
- Некои функции на Digital TV може да не се достапни во некои земји/подрачја и DVB-C кабелската може да не работи правилно со некои оператори.

## Информации за заштитните знаци

- Термините HDMI и HDMI High-Definition Multimedia Interface, и HDMI логото се заштитни знаци или регистрирани трговски марки на HDMI Licensing LLC во САД и други земји.
- Произведен под лиценца од Dolby Laboratories. Dolby и дупло–D симболот е заштитен знак на Dolby Laboratories.
- “BRAVIA” и BRAVIA се заштитен знак на Sony Corporation.
- Gracenote, Gracenote eyeQ, Gracenote VideoID, Gracenote Video Explore, Gracenote MusicID, Gracenote логото и логотипот и “Powered by Gracenote” логото се регистрирана трговска марка или заштитен знак на Gracenote во САД и/или други земји.
- Opera® уреди SDK од Opera Software ASA. Copyright 1995-2014 Opera Software ASA. Сите права се задржани.
- Wi-Fi, Wi-Fi Direct, Miracast и Wi-Fi Protected Setup се заштитни знаци или регистрирани трговски марки на Wi-Fi Alliance.
- MHL, Mobile High-Definition Link и MHL Logo се заштитни знаци или регистрирани трговски марки на MHL Licensing, LLC.
- За DTS патенти видете http://patents.dts.com. Произведен под лиценца на DTS, Inc. DTS, Symbol, & DTS и Symbol заедно се регистрирани трговски марки и DTS Digital Surround е заштитен знак на DTS, Inc. © DTS, Inc. Сите права се задржани.
- Дизајниран со UEI Technology™ Под лиценца од Universal Electronics Inc. Portions © UEI 2000 – 2014
- Bluetooth® знакот и логото се сопственост на Bluetooth SIG, Inc. и било какво користење на ваков знак од страна на Sony Corporation е со лиценца. Други трговски марки или трговски имиња се сопственост на нивните претставници.
- DiSEqC™ е заштитен знак на EUTELSAT. Овој ТВ поддржува DiSEqC 1.0. Овој ТВ не е наменет за контролирање на моторизирани антени.
- TUXERA е регистриран заштитен знак на Tuxera Inc. во САД и други земји.
- USB-IF SuperSpeed USB Trident логото е регистриран заштитен знак на USB Implementers Forum, Inc SS®.

## За модели со испорачан Далечински со екран на допир:

- N ознаката е заштитен знак или регистрирана трговска марка на NFC Forum, Inc. во САД и други земји.

Крајна резолуција: 3840 x 2160 пиксели.

За корисни информации за Sony производите

www.sony.eu/support

http://www.sony.net/

4559952131

©2015 Sony Corporation

4-559-952-**13**(1)